Македонија

**АСОЦИЈАЦИЈА ЗА GS1 стандарди**
**GS1 МАКЕДОНИЈА**

***Предлог***

# Програма на активности
## на GS1 Македонија во 2013 година

Април 2013 година
Скопје

# Програма на активности на GS1 Македонија во 2013 година

***Воведни напомени***

GS1 Македонија должна е да ги почитува барањата и следи планираните активности на Меѓународната GS1 организација со седиште во Брисел, во понатамошниот текст GS1. Со Статутот и другите документи на GS1 дефинирана е улогата на организациите членки одн. националните GS1 организации.

Програмата за работа на GS1 Македонија базирана е на барањата и развојните планови на GS1 и регионалната GS1 организација за Европа (GS1 in Europe), но прилагодена на потребите на нашите членки, нивниот степен на користење на GS1 стандардите, барањата што на македонските компании ги поставуваат нивните партнери во синџирот на снабдување и во вкупното стопанско опкружување.

GS1 Македонија како организација членка на GS1 и GS1 in Europe, мора да обезбеди адекватна и хармонизирана имплементацијата на GS1 стандардите и решенијата кај своите членки.

Стратешките ориентации на GS1 Македонија во 2013 година ќе бидат насочени кон:

- Доделување GS1 компаниски префикси (Единствен матичен GS1 број);
- Овозможување достапност на македонски јазик на GS1 спецификациите, упатствата и публикациите;
- Обезбедување техничка подршка и обука за имплементација на GS1 стандардите; и,
- Застапување на интересите на своите членки кај релевантните национални тела и во GS1 -Брисел и GS1 во Европа.

Истите ќе бидат реализирани низ следните специфични активности:

- Тековна работа со членките
- Развојни активности
- Конкретни проекти и меѓународна соработка
- Афирмација, презентирање и промоција на GS1 Македонија
- Публицистички активности
- Едукативни активности

## I. Тековна работа со членките

1. Тековна работа со постојните и потенцијалните членки на GS1 Македонија, активности за зголемување на членството и на наплатата на заостанатите членарини;
2. Промоција и воведување нови, покомплексни видови бар кодови кои во себе содржат, односно комбинираат информации за идентификационите клучеви и апликационите идентификатори;
3. Проверка и ажурирање на сите контакт и други информации за членките и ажурирање на базата на податоците за GEPIR проектот;

4. Обновување на Договорите за членување во GS1 Македонија со сите активни членки, по извршените Статутарни измени и промените во начинот на плаќање на годишната членарина со воведување на нова категорија - услуга за користење на доделениот GS1 број на кој се пресметува ДДВ од 18%.

## II. Развојни активности

1. Ажурирање на софтверот за менаџмент на постојната база на податоци за членките на GS1 Македонија, развој на нови софтверски модули според новонастанатите потреби на GS1 Македонија;
2. Развивање на софтвер за каталогизирање и менаџмент на информации за баркодирани артикли и производи, формирање на адекватна WEB банка на податоци, изработка и промоција на каталогот;
3. Изготвување на нов софтвер наменет за членките за правилно генерирање на GS1 -128 бар кодови за означување на транспортни кутии и GS1 логистички етикети за означување на транспортни палети;
4. Доизработка на системот за електронско зачленување, комуникација и пружање услуги од доменот на тековното работење на GS1 Македонија.

## III. Конкретни проекти и меѓународна соработка

1. Проект GEPIR; *(Анекс 1)*
2. Проект АКРЕДИТАЦИЈА; *(Анекс 2)*
3. Проект Logger for Staff; *(Анекс 3)*
4. Проект - МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА; *(Анекс 4)*
5. Проект –Имплементација на GS1 стандардите во здравство; *(Анекс 5)*
6. Проект во секторот ТРАНСПОРТ и ЛОГИСТИКА и означување на транспортните пакувања со GS1 логистичка етикета; *(Анекс 6)*
7. Проект за практична примена на нов вид на бар код: GS1 DataBar; *(Анекс 7)*
8. Проект за GDSN; *(Анекс 8)*
9. Проект за e-LEARNING; *(Анекс 9)*
10. Проект за e-business и e-commerce принципите на деловното работење и обука на македонските фирми за нивна поголема примена;
11. Учество на GS1 Македонија во работата на Генералното Собрание на GS1 и други стратешки форуми на GS1 и на GS1 in Europe, како и на Меѓународни Конференции.

## IV. Афирмација, презентирање и промоција на GS1 Македонија

1. Афирмација, презентирање и промоција на GS1 Македонија преку публицистички и едукативни активности и објавување на стручни текстови во печатени и јавни електронски медиуми;

2. Дополнување на WEB страната на GS1 Macedonia (www.gs1mk.org.mk) според стандардите на Меѓународната GS1 организација. Со превод на текстови на македонски и поставување на сопствена WEB страна ќе се зголеми препознатливоста на GS1 Македонија и ќе се овозможи поефикасно и покомплексно претставување на поедини делови на GS1 системот на нашите членки и потенцијалните членки.
3. Со апликативна примена на системот на АКРЕДИТАЦИЈА во континуитет се зголемува препознатливоста на GS1 Македонија и се обезбедува редовно подмирување на обврските на членките по основ на членарина.
4. Со перманентно ажурирање на меѓународниот регистар GEPIR со македонски фирми -акредитирани членки, се зголемува нивната афирмација и имиџот на светско ниво.

## V. Публицистички активности

1. Подготовка, изработка и издавање на низа брошури и публикации, превод (титлување) на куси филмови за пооделни стручни прашања за примена на GS1 системот, и на други промотивни материјали. Стручните брошури ќе се издадат на CD и објават на web сајтот;
2. На сопствената WEB страна на GS1 Macedonia (www.gs1mk.org.mk) структуирана според стандардите на GS1, ќе се публикуваат едукативни содржини и новости на GS1 системот и на GS1 Македонија.

## VI. Едукативни активности

Организација на семинари и обуки за членките:

- Примарна обука на новите членки при зачленувањето;
- Понапредна обука на новите членки за правилно користење и практична примена на баркодовите, во вид на едночасовни интерактивни работилници при секое зачленување на нова членка;
- Едукација на македонските компании од разни сектори, особено извозно ориентираните и големите дистрибутери за неопходноста од прифаќањето на GS1 стандардите во нивното деловно работење и потпишување на Меморандум за соработка и нивно вклучување во Пилот проектите;
- Серија предавања за членките на GS1 Македонија и другите заинтересирани фирми (со присуство на домашни и странски експерти) на тема GS1 стандарди - воведување, примена и развој;
- Тематски предавања, семинари и пилот проекти од областа на : здравство, трговија, логистика, следливост, GS1-128 Bar Code Symbol, SSCC, GLN, EDI, електронски каталог, GDSN;
- Семинари и обука во соорганизација или организација на други институции, организации, здруженија, компании;
- Информативни семинари за покомплексни видови бар кодови кои во себе содржат, односно комбинираат информации за идентификационите клучеви и апликационите идентификатори.

Обука на вработените во GS1 Македонија:

- Учество во работата на Меѓународната организација GS1 и GS1 in Europe преку разни форуми, семинари, тренинг курсеви;
- Учество во ментор програмите подржани од GS1 и GS1 Хрватска;

- Соработка и размена на искуства со други национални GS1 организации;
- Обука преку e-Learning.

### *Анекс 1: Проект GEPIR*

GS1 Македонија од 2006 година е активен учесник во проектот GEPIR. Преку овој проект сите активни членки на GS1 Македонија се ´"видливи" и "распознатливи" во целиот свет. GEPIR обезбедува да сите основни податоци за членките на GS1 Македонија бидат на располагање на сите учесници во GS1 семејството од преку 2 милиони компании. Заинтересираната странка (пребарувачот) по електронски пат може да се поврзе на електронскиот каталог на GS1 Македонија и да ги преземе потребните информации за членката со што се овозможува меѓусобно пронаоѓање и поврзување на деловните партнери.

Користењето на овој сервис GS1 Македонија планира во 2013 да го стави на располагање на: Министерството за економија, Министерството за здравство, Царинската управа, Агенцијата за храна и ветеринарство и на големите дистрибутивни синџири, со што ќе се создадат реални услови за контрола на сопственоста на брендот на одделни производи, сузбивање на сивата економија, фалсификати и др.

### *Анекс 2: Проект АКРЕДИТАЦИЈА*

Во 2013 година GS1 Македонија ќе продолжи со активностите на Проектот Акредитација, воведен во 2007 година, со оглед дека дека има изразито позитивни ефекти во однос на зголемената препознатливост на Асоцијацијата, зголемен респект од страна на членките и нивната лојалност и редовност во подмирување на обврските.

### *Анекс 3 : Проект GS1 Logger for Staff*

GS1 Македонија и во 2013 година активно ќе ги следи инструкциите за неговата понатамошна имплементација. Планирани се активности во текот на целата година на проверка на баркодовите на производите кои се на македонскиот пазар преку посебно изработената апликација за мобилни телефони.

### *Анекс 4: Проект–Меморандум за соработка и за примена на GS1 стандардите*

Меморандумот за соработка кој е потпишан во 2012 година со големите маркети, во 2013 година ќе се прошири на поголем број дистрибутивни синџири и во други сектори. Целта е да се зацврстат врските на GS1 Македонија со своите членки и обезбеди поширока примена на GS1 стандардите во Републиката, со вклучување на регулаторните тела (Агенција за храна и ветеринарство на РМ, Министерство за здравство на РМ, Царинската управа на РМ , и др).

### *Анекс 5. Проект-Имплементација на GS1 стандардите во здравството*

Финализација на Пилот-проектот за воведување на GS1 стандардите во целокупното работење во специјалната болница за хирурхија ФИЛИП ВТОРИ-Скопје. Во втората половина на 2013 година ќе се прикажат резултатите и квантифицираат бенефитите. Ќе се изврши национална и меѓународна промоција на завршните резултати од Пилот Проектот, со изготвување на „best case” доставен до GS1Меѓународната организација.

## *Анекс 6 : Проект транспорт и логистика*

Транспортот и логистиката имаат значајна улога во синџирот на снабдување и затоа правилното означување и етикетирање на хиерархиските пакувања по GS1 стандарди е мошне важно, ососбено за извозно ориентираните компании. Во текот на 2012 година GS1 Македонија работеше на промовирање на GS1 логистичката етикета, а во декември 2012 година на веб порталот на GS1 Македонија е поставен **микро сајт** наменет исклучиво на оваа област.

Со оглед на големата важност од правилното означување и етикетирање во 2013 година GS1 Македонија ќе продолжи со истите активности но и со новитети. Имено, водејки се од мотото **"Правилно означување на транспортните кутии и палети по GS1 стандарди - пасош за извоз"** а како одговор на големиот број барања од нашите членки за означувањето и етикетирањето на хиерархиските пакувања при извоз во странство, во јануари 2013 ќе биде изготвено софтверско решение за правилно генерирање на GS1-128 баркодови за означување на транспортни кутии и GS1 логистички етикети за означување на палети по строго дефинирани GS1 стандарди.

Софтверот ќе биде наменет за извозно ориентирани компании, особено мали и средни претпријатија, кои немаат интегриран информационен систем имплементиран во самиот процес на производство. Пристапот до апликацијата е преку интернет, а нејзиното користење е лесно и разбирливо а во исто време и едукативно. Оваа нова комерцијална услуга на GS1 Македонија опфаќа два пакети:

- *Основен пакет*, во кој е содржана изработката на GS1 -128 баркодови, кои потоа можат самите компании да ги интегрираат во нивната етикета на транспортната кутија;
- *Премиум пакет*, кој вклучува изработка на GS1 -128 баркодови за означување на транспортни кутии и најзначајно- изработка на GS1 логистичка етикета (хомогена или хетерогена) за означување на палети и нивно директно печатење.

Во текот на 2013 година планирано е при спроведување на едукациите со членките, да спроведеме и промоција на новата услуга. Очекуваме дека со користењето на софтверското решение ќе се подобри точноста во означувањето и етикетирањето на хиерархиските пакувања што за секоја компанија **е пасош за извоз и освојување на нови странски пазари**.

Предвидено е во текот на годината и сите новитети како текстови и видео материјали од областа Транспорт и логистика да бидат преведени од англиски на македонски и поставени на веб страната на GS1 Македонија, поточно во рамките на микро сајтот за Транспорт и логистика.

## *Анекс 7: Пилот-проект за GS1 DataBar*

GS1DataBar-от е претставник на новата генерација баркодови и се користи за идентификација на производи со променлива тежина. Во текот на цела 2012 година GS1 Македонија работеше на негова промоција кај своите членки од месната и млечната индустрија преку работилници и со посети на теран. Како резултат на

спроведените активности GS1DataBar-от и неговата имплементација наидоа на добар прием кај членките од месната и млечна индустрија. Дефиниран е Пилот проект со наслов ***"Со GS1 DataBar обезбедена следливост на производите до само наплатно место"*** чија реализација треба да се спроведе во 2013 година.

Најголемиот бенефит од користењето на GS1 DataBar-от е тоа што тој во себе содржи ***повеќе информации*** за производот сместени на ***помал простор***. Тоа значи дека освен GTIN-от со кој се идентификува секој производ долж дистрибутивниот синџир, GS1 DataBar-от во себе ги содржи и атрибутите : AI(3103) Net Weight (нето тежина во килограми изразена со три (3) децимални места), AI(15) Best Before Date (датум најдобро до) и AI(10) Batch или Lot Number, (број на шаржа или лот). Треба да се истакне дека сите претходно наведени атрибути кои ќе се содржат во DataBar-от се елементи со кои **се обезбедува следливоста и индиректно безбедноста на храната.**

Пилот проектот е угледен пример како се решава следливоста на производите во еден сегмент од дистрибутивниот синџир со примена на GS1 стандардите, а истовремено да се задоволат целите за безбедност на храна дефинирани во европскиот Закон за храна ( *EU Food Law EC No 178/2002),* врз кој се донесени и законите во Република Македонија: *Закон за безбедност на храна за животни* (Сл.весник 145/2010) и *Закон за безбедност на храната* (Сл.весник 157/2010). Токму затоа обезбедување на *следливост* на производот до самото наплатно место, со создавање на **можност за негово брзо отповикување** - стопирање на продажба на сама каса заради изминат рок или лот кој треба да се повлекува, е и основната цел на овој Пилот проект.

Во имплементацијата на Пилот проектот ќе бидат вклучени претставници од месната индустрија ИПМ Солета ДОО-Скопје, Промес ДОО-Скопје, зад чие комплетно софтверско решение и реализација стои ИТ куќата Сигма-СБ ДООЕЛ-Скопје. Од млечната индустрија во Пилот проектот ќе учествуваат: Млекара АД- Битола, Идеал Шипка ДООЕЛ-Битола, Млекара Здравје Радово ДОО-Струмица . Особено важно е и учеството на Веропулос ДООЕЛ-Скопје, во чии маркети ќе бидат продавани означените производи со GS1DataBar-от. Во Веропулос ДООЕЛ софтверското решение го спроведува ИТ куќата Ултранет Ултра ДООЕЛ-Скопје. Од сите горенаведени учесници во Пилот проектот како и од претставниците на Стручната служба на GS1 Македонија во месец март 2013 ќе се формира Работна група за проектот, преку која ќе се врши координација и реализацијата на истиот и која ќе ги дефинира фазите на реализацијата.

Она што е ососбено важно да се потенцира за самиот Пилот проект е свесноста кај сите учесници од потребата за имплементацијата на GS1DataBar-от и прифаќањето на препораката на Меѓународната GS1 организација да до 01.01.2014 година се направат сите неопходни подготвителни активности за читање на GS1 DataBar-от на наплатните места. Она што е новитет во Меѓународната GS1 организација е дека се повикани нивни стручни лица да учествуваат во работата на регулаторните тела на Европската Комисија во делот за безбедност и следливост на храната и начинот на нејзино обележување, при што е разгледувано да со GS1 DataBar-от до 2018 година бидат задолжително означени сите прехранбени производи, токму поради неговите карактеристики да во себе содржи повеќе информации за производот сместени на помал простор.
Во овој Пилот проект знаќајна улога ќе има и Агенцијата за храна и ветеринарство на РМ, како овластено регулаторно тело одговорно за безбедност и следливост на храна во Републикава, да направи следење и надзор при тестот за повлекување на производ со "грешка" со одреден лот.

Бенефитите од Пилот проектот за DataBar-от се големи за сите учесници во него, бидејќи во пракса ќе се покаже дека GS1 системот има механизам за спроведување на

следливоста која ќе биде и верификувана и потврдена од овластено регулаторно тело во Републикава, односно од Агенцијата за храна и ветеринарство на РМ.

## *Анекс 8 : Пилот-проект за GDSN (Global Data Synchronisation Network)*

Секоја компанија во своето деловно работење има за цел да располага со точни податоци и да ги оптимизира процесите во сите сфери на своето работење со цел да ги намали трошоците, да го зголеми профитот во своето работење и да ја зголеми конкурентноста. За да може ова да се реализира, прв чекор е среденост на матичните податоци за секој производ. Ова е основа за влегување и промоција на производ во еден од каталозите на GDSN–от и на оваа тема GS1 Македонија ќе посвети големо внимание во текот на целата 2013 година.

Со оглед на тоа дека македонските бренд компании, членки на GS1 Македонија, изминативе неколку години големо внимание посветија на средување на матичните податоци за производите со воведување на интегрирани информатички системи во своите компании, GS1 Македонија смета дека е вистински момент да се почне со подготовките да производите од македонските бренд компании се најдат во еден од GDSN каталозите. На овој начин ќе може да обезбедат најдобра светска промоција за своите производи и индиректно сите заеднички би придонеле кон јакнењето на економијата во Република Македонија.

Континуирано во текот на 2013 година GS1 Македонија ќе работи на промоција и истовремено на анализа за подготвеноста на македонските комнпании за влез во GDSN-от. За таа цел ќе се отпочне со следниве активности по одредена динамика:

- Во јануари 2013 ќе се преведат текстовите од веб страната на глобалната GS1 за GDSN-от и истите ќе се поставаат на нашата веб страна, достапни на линкот: http://www.gs1mk.org.mk/GDSN.aspx., како и преведената на македонски брошурата *"Синхронизација на податоците: Докажани бенефити за Вашата компанија"* во која е објаснет начинот на функционирање на GDSN-от и придобивките од членување во него;
- Во февруари 2013 ќе се анализираат *атрибутите* за производите од два каталога: 1WorldSync каталогот кон кој е приклучена GS1 Словенија со своите членки и GlobeCat каталогот на GS1 Хрватска, и истите ќе се преведат на македонски јазик;
- Во март 2013 ќе се изготви прашалник и пропратно писмо со објаснување кое ќе биде пратено првично до 150 членки на GS1 Македонија ( македонски бренд компании извозно ориентирани). Во нашата база на податоци до сега беа евидентирани единствено издадените пакети по сите капацитети на баркодови доделени на секоја компанија;
- Во април 2013, со цел да ги приближиме компаниите кон GDSN, ќе извршиме проширување на базата и ќе овозможиме прецизно и точно поврзувае на секој GTIN со производот кој што го идентификува со сите негови атрибути. За таа цел ќе биде изготвена табела која ќе биде испратена до членките и очекуваме дека ќе биде пополнувана од нивна страна;
- Од мај до септември ќе се прибираат податоците од компаниите;
- Од септември до ноември ќе се анализираат добиените податоци;
- Во декември ќе се изготви анализа и презентира сумарен извештај;

- Во текот на цела 2013 година при посета на фирми на терен ќе се спроведува промоција на GDSN-от и ќе бидат организирани итерактивни работилници со помали групи на членки, на кои посебен акцент ќе се стави на потребата од срееноста на матичните податоци за производите кај самите компании.

## *Анекс 9 : Проект за Електронско учење – e-Learning*

GS1 Македонија и во 2013 година, како што го правеше во континуитет сите изминати години, посебено внимание ќе посвети на едукацијата на своите членки за GS1 системот на стандарди. Едукацијата ќе се спроведе преку различни облици :

- Целодневни семинари, општи или на точно дефинирана области од GS1 системот;
- Стручни работилници (workshops) со помала група учесници на кои се обработува поблиска проблематика на дадена област, но со подлабоко навлегување во суштина на самата проблематика;
- Примарна и понапредна обука за новите членки при зачленување;
- Поединечни едукации на членките на терен при посети на компаниите;
- Преводи на стручни материјали и видео презентации на македонски јазик, поставени на веб страната на GS1 Македонија за сите области од GS1 системот;
- Преводи на брошури на македонски јазик од сите области на GS1 системот и поставени на на веб страната на GS1 Македонија.

Но сепак, во секојдневието се повеќе се популарни методите на **e-Learn** сервисите или електронските учења. Следејќи ги овие модерни трендови, GS1 Македонија во 2013 година на своите членки ќе им овозможи ваков вид на самоедукација, односно ќе овозможи ***GS1 on-line*** тренинзи. Оваа нова услуга GS1 Македонија ќе ја воведе на комерцијална основа.

GS1 Learn е on-line тренинг програма и е наменета како за членките на GS1 организацијата, така и за вработените во националните GS1 организации. GS1 on-line тренингот овозможува да се научи за GS1 системот брзо, било каде и било кога. Со него се опфатени серија од 25 курсеви од сите области на GS1 системот, кои во континуитет ќе бидат преведувани на македонски јазик и поставувани на веб порталот на GS1 Македонија за да бидат достапни до членките.
Курсевите се поделени на основни и напредни. Истите може да се бираат поединечно или комбинирано во серија и по нивно успешно завршување се добива Сертификат од GS1 Global Office-Brussels.

**Извршен директор,**

**Слаѓана МИЛУТИНОВИЌ**

Скопје, април 2013 година